**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-26/2**
**Скопје, 07.02.2024 година**

Записник од шеснаесета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 07.02.2025 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска ја отвори шеснаесетата седница на Советот. Констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седница на Советот по што го предложи дневниот ред.

1. Разгледување и одлучување по жалбата СОЖ бр.1/25
2. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Пред да се помине на точка еден од дневниот ред збор зема г-ѓа Кети Петкова која го извести Советот и воедно побара да биде изземена од одлучувањето и понатамошната работа од оваа постапка од причина што видно од решението по повод жалбата во оваа постапка било наведено дека станува збор за постапување на јавниот обвинител по четири различни предмети и дека во еден од тие предмети била адвокат до стапувањето на функцијата член на Советот. Со цел да се тргне сомневањето од нејзиното непристрасно постапување и да се отстрани било каков судир на интереси,а се со цел да не се доведе Советот во некаква компромитирачка состојба бара од Советот да биде изземена од оваа точка од дневниот ред согласно чл.75 од Законот за корупција и спречување на судир на интереси и чл.10-б ст.4 од Законот за Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот согласно чл.10-б ст.4 треба да донесе одлука за иземање на членот на Советот г-ѓа Кети Петкова, што беше констатирано и прифатено од страна на членовите на Советот. **Како заклучок беше констатирано дека Советот донесе одлука согласно чл.10-б ст. 4 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, членот на Советот Кети Петкова да биде иземена од разгледувањето и одлучувањето по жалбата СОЖ бр.1/25.** По донесувањето на одлуката членот на Советот г-ѓа Кети Петкова ја напушти седницата на Советот. Исто така пред да се помине на првата точка од дневниот ред претседателот на Советот кажа дека поради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител на кои се однесува овој предмет согласно чл.10-а ст.2 Законот за Советот и Деловникот за работа на Советот јавноста треба да биде исклучена од оваа точка од дневниот ред. Воедно предлогот го стави на гласање. Едногласно членовите на Советот го прифатија предлогот на претседателот на Советот по што јавноста ја напушти седницата. Откако јавноста ја напушти седницата, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на жалбата СОЖ бр. 1/25. Кажа дека примерок од жалбата и дополнувањето на жалбата била доставена на секој член од Советот на разгледување. Кажа дека јавниот обвинител во ВЈО Скопје до Советот имал поднесено жалба на одлуката ДОВ бр.03-111/1 од 30.01.2025 година на Јавниот обвинител на РСМ, со која одлука јавниот обвинител се оддалечува од вршењето на функцијата јавен обвинител, сметано од 30.01.2025 година од 14:00 часот, за време додека трае дисциплинската постапка која е поведена против јавниот обвинител со решение А бр. 03-834/7 од 28.01.2025 година на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршењето на јавнообвинителската функција, за сторена тешка дисциплинска повреда согласно чл. 91 ст. 1 алинеа 6 од Законот за јавното обвинителство. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со наводите од жалбата искажани од страна на јавниот обвинител кој смета дека истите се незаконити и донесени спротивно на чл.89 ст. 2 и ст. 3 од Законот за Јавното обвинителство и смета дека образложението за неговото оддалечување од вршењето на функцијата јавен обвинител е контрадикторно и дека наведените предмети за кои е поведена дисциплинската постапка биле веќе завршени. Исто така претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со наводите наведени во дополнувањето на жалбата поднесена од страна на јавниот обвинител каде исто така наведува дека неговото оддалечување е незаконито, неосновано и базирано само на лична желба на јавниот обвинител на РСМ. Како посебен процесен предлог во однос на решавањето на жалбата предлага со цел да се отстранат евентуални сомневања, пристрасност на Советот да се иземат членовите кои се директно или индиректно поврзани со предметот за поштанска банка и бонусите на СЈО. Претседателот на Советот кажа дека на ден 05.02.2025 година било доставено дополнување на жалба со кое се бара пред да се донесе одлука на Советот, да се пристапи кон прибавување на решенијата на дисциплинската комисија кои се однесуваат на постапките против јавниот обвинител Фатиме Фетаи, јавниот обвинител Сашо Рајчев за кои комисијата ги има запрено постапките. Воедно предлага доколку е

потребно согласен е да присуствува на седница на Советот и да одговара на прашања кои ќе му бидат поставени од страна на членовите на Советот. Откако заврши со излагањето, претседателот на Советот отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема членот на Советот Светлана Стојковиќ која кажа дека решението е донесено согласно законската одредба од чл. 81 ст. 2 и ст. 3 од Законот за јавното обвинителство каде се наведени условите кога јавен обвинител може да биде оддалечен од вршењето на јавнообвинителската функција и дека во овој случај се работи за поведена дисциплинска постапка. Смета дека постојат оправдани причини, имено утврдено е основано сомнение дека во четири различни предмети по кој постапувал јавниот обвинител се сторени повреди кои се карактеризираат како тешка дисциплинска повреда од чл.91 ст.1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство. Смета дека образложението дадено во решението за оддалечување е основано и дека доколку јавниот обвинител не биде оддалечен од вршењето на јавнообвинителската функција, тоа може штетно да се одрази на понатамошното постапување по предметите, не на тие четири кои веќе се завршени, туку на останатите. Во однос на пристрасноста и непристрасноста на Советот и барањето да бидат изземени членовите на Советот кои биле директно или индиректно поврзани со предметите "Поштенска банка" и "Бонусите на СЈО", смета дека е повикана да даде образложение како поранешно вработена во СЈО, притоа потенцираше дека поднесената жалба не се однесува на предметот Бонусите на СЈО, туку дека станува збор за жалба против решението за оддалечувањето од функцијата поради поведена постапка за тешка дисциплинска повреда, а која следувала по извршена контрола во ВЈО Скопје од страна на ЈОРСМ, по предмети по кои постапувал јавниот обвинител. Притоа биле утврдени неправилности и за истото бил составен извештај од страна на ЈОРСМ. Предметот "Бонусите СЈО" не бил предмет на контрола и дека при вакви околности не гледа причина да се изземе од одлучувањето по жалбата за суспензија на јавниот обвинител.

Г-ѓа Маријана Илиеска кажа дека по повод на поднесената жалба и дополнувањето на жалбата од страна на јавниот обвинител против одлуката на Јавниот обвинител на РСМ, за негово оддалечување од вршењето на јавнообвинителската функција, кажа дека извршила увид во списите на предметите од Дисциплинската комисија. Кажа дека од увидот евидентно е дека биле донесени решенија за неповедување на дисциплинска постапка и тоа од процесно правен карактер, односно поради истекување на рокот од 6 месеци за поведување на постапка за утврдување на одговорност на јавен обвинител предвидена во чл. 93 ст.1 од Законот за Јавното обвинителство. Кажа дека во конкретниот случај со одлуката на Јавниот обвинител на РСМ, поведена е дисциплинска постапка против јавниот обвинител и имајќи ја во предвид одредбата од чл. 93 ст. 1 од Законот за јавното обвинителство. Кажа дека во конкретниот случај Јавниот обвинител на РСМ повел дисциплинска постапка против јавниот обвинител, а имајќи ја во предвид одредбата од чл. 81. Ст. 2 од Законот за јавното обвинителство, смета дека во конкретниот случај се неосновани жалбените наводи на кои што се повикува јавниот обвинител, бидејќи донесената одлука од страна на јавниот обвинител е донесена врз основа на извршен надзор на ВЈО

Скопје, конкретно за работата на јавниот обвинител, поради што смета дека ваквиот предлог на Јавниот обвинител на РСМ произлега од констатираните незаконитости во работењето при извршениот вонреден надзор во работењето, така што смета дека одлуката на јавниот обвинител на РСМ треба да биде потврдена, а жалбата на јавниот обвинител да биде одбиена како неоснована.

Членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ се приклучи кон ставот и мислењето на членот на Советот Маријана Илиеска и е на мислење дека жалбените наводи на јавниот обвинител се неосновани од причина што кога Јавниот обвинител на РСМ ја донел одлуката за суспензија навел доволно образложени причини за суспензијата, а тоа се темели е од извршениот вонреден надзор од страна на ЈОРСМ врз работата на ВЈО Скопје каде било констатирано дека при постапувањето во четирите предмети од страна на јавниот обвинител, каде не се предметот бонусите на СЈО, туку четирите предмети кои биле правосилно завршени поради повлекувањето на жалбите од страна на јавниот обвинител како јавен обвинител во ВЈО Скопје и покрај тоа што ВЈО на ВЈО Скопје и Јавниот обвинител на РСМ имале упатствија како да се постапува по одредени предмети не било така постапено, туку жалбите биле повлечени. Од тие причини смета дека жалбата на јавниот обвинител е неоснована и го подржува решението на Јавниот обвинител на РСМ за суспензија односно за оддалечување на јавниот обвинител од јавнообвинителската функција.

Членот на Советот Јелена Догазанска Колева кажа дека станува збор за времена мерка донесена од страна на Јавниот обвинител на РСМ, а врз основа на веќе поведена дисциплинска постапка со решение донесено од страна на комисијата за дисциплинска одговорност и од таа причина смета дека треба да се потврди одлуката на Јавниот обвинител на РСМ се до донесување на конечна одлука од страна на дисциплинската комисија.

Членот на Советот Ардиан Демири кажа дека ќе гласа поднесената жалба од страна на јавниот обвинител да биде одбиена и да се потврди одлуката на Републичкиот јавен обвинител, а во однос на изземањето смета дека нема потреба да се влегува во дебата кога Советот не може да утврди кој директно или индиректно е поврзан со предмети во услов кога нема конкретно наведен член.

Членот на Советот Ермон Незири истакна дека се работи за времено оддалечување од вршење на јавнообвинителска функција и смета дека одлуката на Јавниот обвинител на РСМ треба да биде потврдена. Кажа дека во услови кога нема рок и се надева дека со новиот закон за Јавното обвинителство ќе се прецизираат и цени дека оваа времена мерка во дадената ситуација ќе донесе позитивен пристап, а со цел побрзо решавање на предметите, побрз тек на постапката, непристрасност и ефикасност во смисла на утврдување на целосната фактичка состојба. Од тие причини ќе гласа за времената мерка, а јавниот обвинител ќе може да си ги докаже своите факти, а дисциплинската комисија ќе може да одлучува врз основа на целокупниот материјал.

Претседателот на Советот Душица Димитриеска смета дека одлуката на јавниот обвинител на РСМ треба да биде потврдена, жалбата на јавниот обвинител да биде одбиена. Во однос на наодот во жалбата со

кои се истакнува дека треба да бидат изземени одредени членови на Советот, смета и за себе лично дека нема потреба од изземање поради тоа што тука не станува збор за предметот бонусите на СЈО.Кажа дека Советот никогаш не одлучувал по тој предмет, ниту бил предмет на извршената контрола од страна на ЈОРСМ. Воедно истакна дека нема ниту директен и потенцијален судир на интререси за изземање.

Откако никој не зема збор беше повикана јавноста да се врати да присуствува на седницата.

Се помина на гласање да се потврди одлуката на Јавниот обвинител на РСМ за оддалечување на јавниот обвинител во ВЈО Скопје, Јован Цветановски од вршење на функцијата јавен обвинител сметано од 30.01.2025 година за време додека трае дисциплинската постапка која е поведена против јавниот обвинител со решение на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А бр.03-834/7 од 28.01.2025 година, за сторена тешка дисциплинска повреда согласно чл.91 ст.1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство и жалбата да се одбие како неоснована.

Со осум гласа ЗА Советот на јавните обвинители на РСМ донесе решение со кое решението на Јавниот обвинител на РСМ А бр.03-111/1 од 30.01.2025 година, со кое се оддалечува јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски од вршење на функцијата на јавен обвинител сметано од 30.01.2025 година за време додека трае дисциплинската постапка кое е поведена против него со решение Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А бр.03-834/7 од 28.01.2025 година, за сторена тешка дисциплинска повреда согласно чл.91 ст.1 алинеа 6 од Законот за Јавното обвинителство ДА СЕ ПОТВРДИ, а жалбата на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Јован Цветановски ДА СЕ ОДБИЕ КАКО НЕОСНОВАНА.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека до Советот е доставено писмо од МНР во кое од Советот согласно чл.22 од Европската конвенција за човекови права , како и со резулуциите на парламентарното собрание, а со оглед на истекот на мандатот на актуелниот судија во ЕСЧП од РСМ на 31.01.2026 година, потребно е да оваа година се спроведе национална постапка за избор на кандидати за оваа позиција. За таа цел потребно е да се формира комисија за избор на кандидати од РСМ во ЕСЧП во Стразбур. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со наведените критериуми и услови за избор на судија на ЕСЧП. Кажа дека Советот треба да номирана член во комисијата најкасно до 20.02.2025 година, и воедно за член на комисијата го предложи г-дин Башким Бесими за што даде и образложение зошто го предлага г-дин Башким Бесими, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-дин Ермон Незири кажа дека дава подршка за кандидатот од причина што доаѓа од редот на јавните обвинители во ЈОРСМ, напомена дека и претходниот судија бил од редот на јавните обвинители во

ЈОРСМ и смета дека колегата ќе даде придонес во објективно оценување и давање на предлози за избор на иден судија во ЕСЧП.

Предлогот беше ставен на гласање по што членовите едногласно го подржаа предлогот на претседателот на Советот, јавниот обвинител во ЈОРСМ и член на Советот г-дин Башким Бесими да биде номиниран за член на комисијата за избор на судија во ЕСЧП.

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот ја заклучи шеснаесетата седница на Советот

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајовски

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Душица Димитриеска